**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**ОСНОВЕН СУД ДЕБАР**
**GJYKATA TEMELORE DIBËR**
**СУ. бр.04-42/2023**
**25.12.2023 година/viti**
**ДЕБАР/DIBËR**

Претседателот на судот Мерисм Марку , согалсно чл.88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/2006; 62/2006; 35/2008,150/2010, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 96/2019) и чл.112 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ" бр.66/2013 и 114/2014), по претходно мислење од седница на судии од 25.12.2023 година, на ден 25.12.2023 година го утврди следниот:

# Р А С П О Р Е Д
# ЗА РАБОТА НА СУДИИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОСНОВЕН СУД ДЕБАР ЗА 2024 ГОДИНА

Со овој Распоред за работа на Основен суд Дебар за 2024 година, се одредуваат правата и обврските на Претседателот на Судот, судиите, судските службеници и судската полиција, за успешно извршување на работните задачи што произлегуваат од надлежноста на Судот.

## I.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Претседателот на Судот го преставува судот, ја организира работата и превзема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот, се грижи за доследна примена на одредбите на Судскиот деловник, се грижи за уредно, ефикасно и ажурно вршење на работите од судската управа.Врши надзор на судските оддели, на псиарница и други служби, со преглед во уписници, роковници и други евиденции во судот.

Претседателот на Судот ќе ги извршува и задолженијата кои произлегуваат од законите и Судскиот деловник.

### -Судска управа

Бидејќи Судот нема администратор, Претседателот на Судот ќе постапува по сите предмети што се заведуваат во уписниците од судска управа (СУ, СУ-01, СУ-02, СУ-03, СУ-04, СУ-05, СУ-06,СУ-ИЗЗ, СУ-ДОВ, СУ-СТР-ДОВ, УПП, СПИ).

По потреба ќе постапува и во други предмети и исто така ќе ги презема сите дејствија кои согласно Судскиот деловник спаѓаат во делокругот на работењето на Претседател на судот.

Претседателот на Судот ќе постапува и по предметите- Заверки (ЗАВ, ЗАВ1, ЗАВ-С, ЗАВ-Х) – автоматска распределба во АКМИС.

За Заменик на Претседателот на судот во 2024 година се определува судијата Оруч Абазовски кој ќе го заменува претседателот во случај на негово отсуство.

Лице за односи со јавноста е Претседателот на судот, судијата Мерсим Марку.

А во случај на отсуство Претседателот на судот и на заменикот на претседателот, во итните и неодложни работи го заменува дежурниот судија според Распоредот за дежурство на судиите во судот.

**II.**

**РАСПОРЕД НА РАБОТА НА СУДИИТЕ ПО УПИСНИК**

Во текот на 2024 година судиите во Основен суд Дебар ќе работат по следниот распоред за работа:

**Претседателот на судот, Судијата Мерсим Марку**, ќе постапува по предметите и тоа:

- Парнични спорови –(уписници:П1, П2, П3, П4, РО, ПОПОВ, РОПОВ, МЛВП, МВПОВ, и РП)- автоматска распределба во АКМИС
- Извршување – (уписници:ППНИ, ПИ, ИДС и ИЗС)- автоматска распределба во АКМИС.
- Признавање на странска одлука – ПСО,
- Вонпарнични предмети - (уписници: ВПП, ВПП1, ВПП2, ОДС, ИПК, РВПП) - автоматска распределба во АКМИС.
- За време на дежурство по прекршочни премети -уписници: ПРК-С, ПРК-Ј, ПРК-О, ПРК-Р, и кривични предмети на претходна постапка-уписник КПП.

Во случај на отсуство и спреченост на судијата Мерсим Марку да постапува по предмети за кои е определен, по истите ќе постапува судијата Дамјан Илоски.

**<u>Судијата Дамјан Илоски</u>** ќе постапува по следните предмети:

- Парнични предмети (уписници: П1, П4, П5, РО, ПЛ, ПЛ1-П, ППОВ, РОПОВ, ПЛПОВ, МВПОВ, МАЛВП, МАЛВПЛ1-П, РП, РРО, РПЛ) – автоматска распределба во АКМИС.

- Вонпарнични предмети - (уписници: ВПП, ВПП1, ВПП2, ОДС, ИПК, О, О1, ОНАД, РВПП) –автоматска распределба во АКМИС.

- Замолници (уписници: ПОМ и ЗАМ-С и ЗНД) - автоматска распределба во АКМИС.

- Како член на кривичниот совет вон главна расправа (чл.25 ст.5 од ЗКП),

- По потреба ќе постапува и во други предмети од сите области (кривични и граѓански предмети) во кои предмети од оправдани причини не може да постапуваат останатите судии во Основен суд Дебар.

**<u>Судијата Оруч Абазовски</u>** ќе постапува по следните предмети:

- Кривични предмети (уписници: К-ПП, КНЗД, К, КР, ЗАМ-К, КС, КСП, КС-КР, КП, КУК, ЕК, УО, КПОВ ) - автоматска распределба во АКМИС.

- Прекршочни предмети (уписници: ПРК-С, ПРК-Ј, ПРК-О, ПРК-Р, ПРК-ПОВ) - автоматска распределба во АКМИС.

- Извршување на санкции - (уписници: КУИКП, ИКП, ИПРК, ПК, ИСАМ, ИОИП) - автоматска распределба во АКМИС.

- Заверки (ЗАВ, ЗАВ1, ЗАВ-С, ЗАВ-Х) – автоматска распределба во АКМИС

- Како член на кривичниот совет вон главна расправа ( чл.25 ст.5 од ЗКП),

- По предмети од сите области за време на вршење на дежурството по завршување на работното време, а согласно Распоредот за дежурство на судиите во судот.

- По потреба ќе постапува и во други предмети од сите области (граѓански и вонпарнични предмети) во кои предмети од оправдани причини не може да постапуваат останатите судии во Основен суд Дебар.

- Во Кривичните предмети каде што судијата постапувал во претходна постапка и поради оправдани причини не може да постапува по овие предмети, по истите ќе постапува судијата Дамјан Илоски.

**III.**

**<u>КРИВИЧЕН СОВЕТ (согласно чл.25 ст.5 од ЗКП)</u>**

Во Кривичниот совет вон главна расправа (согласно чл.25 ст.5 од ЗКП) се определуваат и ќе работат Претседателот на судот, Судијата Мерсим Марку, судијата Дамјан Илоски и делегиран судија со решение на претседателот на Апелационен суд Гостивар.

Претседател на советот ќе биде Претседателот на судот, Судијата Мерсим Марку, а во случај на негова спреченост, претседател советот ќе биде Судијата Дамјан Илоски.

За судија на претходна постапка се одредува Судија Мерсим Марку, а во случај на негова спреченост, ќе постапува судијата Дамјан Илоски.

**<u>ГРАЃАНСКИ СОВЕТ</u>**

Советот за признавање странски одлуки по приговор е составен од судиите Дамјан Илоски претседател на советот,Оруч Абазоски и делегиран судија.

**IV.**

Секој судија е должен да ги заврши предметите кои му се заостанати според досегашните распореди за работа во Судот без оглед на видот на предметот и да се даде приоритет да се завршат предметите постари од 2 години во судот. За завршен предмет во месецот ќе се смета само оној предмет по кој одлуката е писмено изготвена, верификувана во АКМИС и ставена како завршна одлука, а предметот е предаден во одделение најдоцна до последниот ден од тековниот месец.

**V.**

**СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ**

**<u>Судскиот советник Мевмед Муратоски</u>**, ќе работи со Претседателот на судот,судијата Мерисм Марку и судијата Дамјан Илоски, по предмети од сите области, ќе ги следи судењата во судот, ќе му помага на судијата при проучување на предметите и во разјаснување на разни спорни прашања, како и во подготвување на разни материјали, ќе присуствува на седници на судските одделенија, учествува на стручни состаноци, семинари, советувања и други облици на стручно усовршување, ќе изготвува нацрт одлуки, а во својата работа ќе го применува Судскиот деловник и постојните информативно-технолошки

системи. Ќе изготвува месечен, кватарелен и годишен извештај за движење на преметите во судот.Истиот е опредлен за одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер.Ќе врши работи од делокругот на судската управ, како и ќе врши други работи по наредба на Претседателот на судот. Судскиот соработник Мевмед Муратоски одговара за својата работа во рамките на своите овластувања пред Претседателот на судот и на судијата кај кого е распореден да работи. Во случај на отсустност ќе го заменува судскиот соработник Сехар Шеху.

**Вишиот судски соработник Ханил Буфи**, ќе работи со Претседателот на судот по предметите во Кривичен совет вон главна расаправа и со судијата Оруч Абазовски по предметите од сите области. Ќе присуствува на седници на судските одделенија, учествува на стручни состаноци, семинари, советувања и други облици на стручно усовршување, ќе изготвува нацрт одлуки, а во својата работа ќе го применува Судскиот деловник и постојните информативно-технолошки системи. Истиот е определен за офицер за заштита на лични податоци, ќе работи и во комисии каде што ќе има потреба од стручен судски службеник. Судскиот соработник Ханил Буфи одговара за својата работа во рамките на своите овластувања пред Претседателот на судот и на судијата кај кого е распореден да работи. Во случај на отсустностна ќе го заменува судскиот соработник Арбер Дика.

**Помладиот судски соработник Зеќије Аџиреџа,** ќе работи со Претседталот на судот, по предметите судска управа- СУ, СУ-01, СУ-02, СУ-03, СУ-04, СУ-05, СУ-06, СУ-ИЗЗ и со судијата Дамјан Илсоки по вонпарнични предмети - (уписници: ВПП, ВПП1, ВПП2, ОДС, ИПК, О, О1, ОНАД, РВПП). Во случај на отсустност ќе ја заменува помлад судски соработник Сехар Шеху.

**Помладиот судски соработник Сехар Шеху,** ќе работи со Претседталот на судот, по предметите судска управа- СУ, СУ-01, СУ-02, СУ-03, СУ-04, СУ-05, СУ-06, СУ-ИЗЗ. Ќе работи со судијата Дамјан Илоски по сите предмети, кој постапува судијата Дамјан Илоски. Ќе присуствува на седници на судските одделенија, учествува на стручни состаноци, семинари, советувања и други облици на стручно усовршување, ќе изготвува нацрт одлуки, а во својата работа ќе го применува Судскиот деловник и постојните информативно-технолошки системи. Судскиот соработник Сехар Шеху одговара за својата работа во рамките на своите овластувања пред Претседателот на судот и на судијата кај кого е распореден да работи. Во случај на отсустност ќе ја заменува помлад судски соработник Зеќије Аџиреџа и советникот Мевмед Муратоски.

**Помладиот судски соработник Арбер Дика,** со судијата Оруч Абазовски по предметите од сите области. Ќе присуствува на седници на судските одделенија, учествува на стручни состаноци, семинари, советувања и други облици на стручно усовршување, ќе изготвува нацрт одлуки, а во својата работа ќе го применува Судскиот деловник и постојните информативно-технолошки системи. Судскиот соработник Арбер Дика одговара за својата работа во рамките

на своите овластувања пред Претседателот на судот и на судијата  кај кого е распореден да работи. Во случај на отсустностна ќе го заменува судскиот соработник Ханил Буфи.

**VI.**

**ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ**

Во 2024 година работата на Основниот суд Дебар ќе се одвива преку следните одделенија и служби, и тоа:кривично одделение, граѓанско оделение, книговодство-благајна, прием и експедиција на пошта, достава,архива и информатика.

-За Пртеседател на Кривично оделение се опредлеува Судијата Оруч Абазовски
-За Пртеседател на Граѓанско оделение се опредлеува Судијата Дамјан Илоски

**VII.**

Одговорно лице за посредување со информации од јавен карактер е судскиот соработник Мевмед Муратоски..

Службено лице во Основен суд Дебар за комуникација со граѓани кои имаат некаков вид и степен на попреченост е соработникот-толкувач  Сихана Каба.

Офицер за заштита на личните податоци во судот е судскиот соработник Ханил Буфи.

Бидејќи Судот нема оддел. за судска пракса, судија за судска пракса се определува судијата Дамјан Илоски.

**VIII.**

Административно-техничките работи во 2024 година ќе се вршат од странана следните судски службеници:

**Прием и експедиција на пошта:**

**Судскиот референт Бурхан Фишта,** ќе ги извршува работите за прием и експедиција на пошта, бидејќи работното место е упразнето поради пензионирање на судскиот службеник.Ќе ги извршува работните задачи што се однесуваат на примање на поднесоци, определување на таксата, нивно распоредување по

одделенијата, експедирање на истите, заверките, како и други работи што му припаѓаат како одговорен за прием на пошта. При работењето е должен да постапува во согласност со Законот за судска служба, Законот за судски такси, процеснитепрописи, пишаната внатрешна процедура и Судскиот деловник.Во случај на отсуство на судскиот референт за прием и експедиција на пошта, ќе го заменува вишиот судски референт Алберт Марку.

**Административно судски службеници во кривично одделение**:

**<u>Самостојниот судски референт Афердита Дема</u>** ќе ги извршува административно-техничките работи на кривичното одделение, поврзани со кривичните предмети-писници КПП, КНЗД, К, КС, КСП, КРП, КС-КР, КП, УО, К-ПОВ, КУИКП, ПК, ИОИП, ЗПД, ИКП, ИПК, ИСАМ сè до нивното архивирање и ќе ги води електронските уписниции помошните книги во АКМИС, ја организира работата и врши упис на пооделниуписници во кривично одделение; врши административни работи со водење на уписниците; управува со движењето на предметите со примена на постојните информатичко технолошки системи; следи и применува одделни прописи и акти на судот за канцелариско и архивско работење; ракува со печатите и штембилите и се грижи за нивно чување; подготвува и обработува статистички податоци како основа заизготвување на извештаи; врши и други работи утврдени со актот за ситематизација на работните места како и работи што ќе му ги довери судијата и претседателот на судот. Во работењето е обврзана да постапува согласно со пишаните внатрешни процедури, Судскиот деловник, Законот за извршување на санкциите, ЗКП, КЗ, со посебна грижа запреземање мерки за наплата на судските такси, паушалните износи и паричните казни (праќање опомени и барања за присилна наплата). Исто така ќе ги врши административно-техничките работи во предметите “КР” – (издавање на уверенија од казнена и кривична евиденциа). Ќе води сметка за средување и попис на списите во предметите, лепењето на доказниот материјал што се прима надвор од рочиште и уредното водење на уписниците, така што во секој момент од увидот во уписникот да може да се види каде се наоѓа предметот и во која фаза од постапката е истиот. Има обврска да го води и Контролникот за парични казни, трошоци на кривичната постапка и паушален износ. Согласно законската регулатива за превземање на казнената евиденција во надлежност на судовите е назначен како одговорно лице за казнена евиденција во судот.

Во случај на отсуство, наведениот судски службеник ќе го заменува Самостојниот судски референт Арета Пекмези.

**<u>Вишиот судски референт Ракип Карпузи</u>** ќе ги води уписниците по прекршочните предмети(ПРК-Ј, ПРК-С, ПРК-О, ПРК-Р, ПРК-ПОВ, КС-ПРК, ЗПД, ИПРК )и ќе ги врши административно-техничките работи во сите прекршочни предмети, се’ до нивното архивирање и ќе ги води нивните електронскиуписници и помошните книги во АКМИС. Во

работењето е должен да постапува согласно со пишаните внатрешни процедури и Судскиот деловник и Законот за извршување на прекршоците, со посебна грижа

за преземање мерки за наплата на судските такси, паушалните износи и глоби (праќање опомени и барања за присилна наплата). Исто така, особено ќе води сметка за средување и попис на списите во предметите, лепењето на доказниот материјал што се прима надвор од рочиште и уредното водење на уписниците, така што во секој момент од увидот во уписникот да може да се види каде се наоѓа предметот и во која фаза од постапката е истиот. Во случај на отсуство, ќе го заменува судскиот референт  Алберт Марке.

**<u>Вишиот судски Референт Алберт Марке</u>**, ќе ги води уписникот за разни кривични предмети КР, КС-КР - издавање на потврди од казнена и кривична евиденција, ќе ги врши административно-техничките работи  по споменатите предмети , се' до нивното архивирање и ќе ги води нивните електронски уписници и помошните книги во АКМИС.Во  работењето е должен да постапува согласно со пишаните внатрешни процедури и Судскиот деловник и Законот за извршување на прекршоците, со посебна грижа за преземање мерки за наплата на судските такси, паушалните износи и глоби (праќање опомени и барања за присилна наплата). Исто така, особено ќе води сметка за средување и попис на списите во предметите, лепењето на доказниот материјал што се прима надвор од рочиште и уредното водење на уписниците, така што во секој момент од увидот во уписникот да може да се види каде се наоѓа предметот и во која фаза од постапката е истиот.Ќе врши работи во врска со Комисијата за јавни набваки при Судот. Во случај на отсуство, ќе го заменува судскиот Виш референт  Ракип Карпузи, и да постапува по сите уписници кој постапува референтот Ракип Карпузи.

**Административно судски службеници во граѓанско одделение**

**<u>Самостојниот судски референт Арета Пекмези</u>**, ќе ги води уписниците и ќе ги врши административно-техничките работи на граѓанското одделение во сите парнични  предмети(уписник П1, П2, П3, П4, П5, РО, ПЛ1П, МАЛВП, РО ПОВ, ПЛПОВ, МВПОВ, РП, РРО, ИЗС.), сѐ до нивното архивирање и ќе ги води нивните електронски уписници и помошните книги во АКМИС, согласно со пишаните наплата на судските такси, парични казни изречени согласно со ЗПП (праќање опомени и барања за присилна наплата). Исто така, ќе води сметка за пописот и средувањето на списите во предметите, лепењето на доказниот материјал што се прима надвор од рочиште и уредното водење на уписниците, така што во секој момент од увид во уписникот ќе може да се види каде се наоѓа предметот и во која фаза на постапката е истиот. Во случај на отсуство на именованиот судски службеник ќе  ја заменува Самостојниот судски референт Афердита Дема.

**<u>Судски референт Бурхан Фишта</u>**, ќе ги води уписниците и ќе ги врши административно-техничките работи на граѓанското одделение во сите вонпарнични   предмети (уписник: ВПП, ВПП1, ВПП2, ОДС, ИПК, О, О1,ОНАД, РВПП)  ), сѐ до нивното архивирање и ќе ги води нивните електронски уписници и помошните книги во АКМИС, согласно со пишаните наплата на судските такси, парични казни изречени согласно со ЗПП (праќање опомени и барања за присилна наплата). Исто така, ќе води сметка за пописот и средувањето на списите во

предметите, лепењето на доказниот материјал што се прима надвор од рочиште и уредното водење на уписниците, така што во секој момент од увид во уписникот ќе може да се види каде се наоѓа предметот и во која фаза на постапката е истиот. Во случај на отсуство на именованиот судски службеник ќе ја заменува Судскиот референт Аљбиона Даци.

**IX**.

**Судски референти(дактилографи-записничари)**

Судските референти (дактилографи-записничари) во 2024 година ќе работат во предметите со судиите според следниот распоред.

**Судскиот референт (дактилограф-записничар) Бурбуќе Чанка**, ќе работи со судијата Оруч Абазовски. Ќе ги извршува работите во надлежност на референт дактилограф-записничар.За својата работа одговара пред судијата кај кого е распоредана да работи. Во случај на остсуство ќе ја заменува Слаѓана Силјаноска;

**Судскиот референт (дактилограф-записничар) Слаѓана Силјаноска**, ќе работи со судијата Дамјан Илсоки. Ќе ги извршува работите во надлежност на референт дактилограф-записничар.За својата работа одговара пред судијата кај кого е распоредана да работи.Во случај на остсуство ќе ја заменува Бурбуќе Чанка.

**Судскиот референт (дактилограф-записничар) Фетије Јонузи**, ќе работи со Претседателот на судот, судијата Мерсим Марку, Ќе ги извршува работите во надлежност на референт дактилограф-записничар.За својата работа одговара пред судијата кај кого е распоредана да работи.Во случја на отсуство ќе ја заменува пом.соработник Зеќије Аџиреџа.

**Вишиот судски референт (архивар) Самирије Марке** постапува по завршените предмети кои треба да се чуваат во архивите на судот, хронолошки ги средува предметите во архивите, во постапувањето со предметите го примнува Судскиот деловник и акти на судот, ги применува прописите и актите на судот за архивско работење, ракува со печатите и штембилите и се грижи за нивно чување; по барање на претседателот на судот, претседателот на одделот и судија издава архивирани предмети, врши и други работи што ќе му ги довери непосредно претпоставениот раководен судски службеник, и претседателот на судот.

За својата работа одговара пред претседателот на судот.

**<u>Самостојниот судски референт сметководител-благајник Мирела Чутра </u>** ќе го води сметководството и благајната на судот, согласно со прописите за материјално-финансиско работење, како и ќе работи во електронскиот АБМС систем. Ќе ги врши благајничките работи, и тоа уредно, навремено и ажурно, согласно со прописите за благајничкото работење и Судскиот деловник. Заради евидентирање на предметите и средствата од депозит, благајникот, покрај вообичаените благајнички работи,е должна да води и: благајнички извештај за примање и издавање на депозити- предмети во готово, дневник за привремени и редовни депозити, дневник за неготовински депозити кои се чуваат во благајната во судот и дневник за неготовински депозити кои се чуваат кај други органи.Во работењето е должна да постапува согласно со прописите од областа на финасии. Во случај на отсуство, ќе ја заменува судски службебик – советник информатичар Патриот Папранику.

**<u>Советникот–Информатичар Патриот Папранику</u>**, ќе врши секојдневно контролира работата на информатичките системи и да управува софункционирањето на информатичката опрема и користењето на автоматизираниоткомпјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС), да спроведувамерки на безбедност и заштита на податоците од овој софтвер, да помага на вработените за користење на системот за тонско снимање на рочиштата и за вршење на електронската достава на писмената, да ги следи сите унапредувања и нови верзии на АКМИС и доколку е потребно да спроведе обука за нив. Издвоена задача за советникот-информатичар е примените одлуки од судиите анонимизирани веднаш да ги објави на ВЕБ-страната на судот и да ја одржува целосно ВЕБ-страната на судот на судскиот портал.

**<u>Соработникот преведувач Сихана Каба</u>**, ќе врши превод на писмената во Судот од македноски на албански јазик и обратно, по потреба ќе врши превод и толкување на страниките за време на рочиште.Именованиот соработник преведувач се определува за одговорно лице за комуникација со странки со попреченост.

Во случај на отсуство на преведувачот, Судот ќе обезбеди замена од листата на судски преведувачи од Албански на Македонски јазик и обратно и тоа од подрачјето на судот.

**<u>Помладите судски референти-доставувачи: Џевдет Марке и Зуди Исламоски</u>**, се должни доставувањето на судските писмена да го вршат совесно и одговорно, уредно и ажурно, согласно со законските прописи, како и да водат точна евиденција на задолжувањето и раздолжувањето сописмената секојдневно.

Доставувачот Џевдет Марке ќе врши достава на писмена на странки на подрачјето на градот Дебар, а доставувач Зуди Исламоски ќе врши достава на писмена на странки правни лица од пордачјето градот и на странки од населениете места при општините Дебар и Центар Жупа, освен во селата Џепиште, Отишани и Долгаш.

Покрај наведените работи, судските доставувачи ќе вршат и други работи согласно нивната квалификација и образование, а по наредба на Претседателот на
судот.

**X.**

**СУДСКА ПОЛИЦИЈА:**

Припадниците на Судската полиција во состав: **Арбер Карпузи, Реџеп Поцеста, Насер Села и Месут Расимоски**, ќе вршат континуирано (24 часа)обезбедување и заштита на судската зграда, имотот и лицата и ќе одржуваат ред восудот, преземајќи ги сите неопходни дејствија, согласно со законските прописи кои гоуредуваат постапувањето на припадниците на судската полиција. Во работата имаат обврска да се придржуваат на распоредот за нивната работа, а меѓусебно можат да се заменуваат исклучиво и само по одобрение на претседателот на судот.

Припадниците на судската полиција, во случај на потреба ќе преземаат дејствија за нормално вршење на работите и задачите не само во судската зграда.

**XI**.

.

**Одржување на хигената во судската зграда**

Бидејќи на работникот за одржување на хигената во зградата на судот му претсанува работниот однос на определено време заклучно со 31.12.2023 година, до пополнување на работното место со извршител хигеничар, одржувањето на хигиената во работните простории и во кругот на судот ќе се врши со извршител ангажиран со договор на дело.

**XII.**

Согласно со Судскиот деловник, а заради обезбедување на поголема јавност
во работата, судењето се одржува единствено во судниците за судење со тоа што Судницата II која е опремена со тонско снимање ќе ја користат наизменично сите судии заради тонско снимање на рочиштата.

Судиите за време на судењето се должни да носат тога (чл.57 од Законот за судовите).

**XIII.**

Приемен ден за странки кај Претседателот на судот се определува секоја среда во неделата во периодот од 09:00 до 12:00 часот.

Приемен ден за странки во судските одделенија и судските писарници се определува секој работен ден во неделата во периодот од 8:00 до 15:00 часот.

**XIV**.

Секој прв Понеделник во месецот во 08:30 часот ќе се одржува седница на судиите, а во 14:30 часот ќе се одржува состанок со сите вработени во судот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**MERSIM MARKU**

**Д-ви до:**

- Сите судии, судски службеници и судска полиција.

**НАЛОГ:**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** судскиот соработник – информатичарот Патриот Ппаранику, овој годишен распоред да го реализира во АКМИС системот, по електронска пошта да го достави до судиите и вработените во судот и да го објави во веб страната на Основен суд Дебар.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**MERSIM MARKU**